# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 10**<br><br>**03.10.2022** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 14 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Ѓорче Петров “ –Крива Паланка за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишен извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров “ – Крива Паланка за учебната 2021/2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила, со денот на донесување, а истата ќе биде објавена во во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3718/3**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Ѓорче Перов “ –Крива Паланка за учебната 2021/2022 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Ѓорче Перов “ –Крива Паланка за учебната 2021/2022 година,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718 / 4**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка  бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за работа на СОУ„Ѓорче Петров “ –Крива Паланка**

**за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Се усвојува Програма за работа на СОУ  „Ѓорче Петров “ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3718/5**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Програма за работа на СОУ„Ѓорче Петров “ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Програма за работа на СОУ„Ѓорче Петров “ –Крива Паланка за учебната 2022/2023 година,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/6**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 88 став 5 од Законот за ссредно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10,08/14 02/18 ,03/19 и 08/2021 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување член на Училишен одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1. Се разрешува Весна Илиева член на Училишен одбор на СОУ „Ѓорче Петров“–Крива Паланка по нејзино барање .

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-3718/7**
**30.09.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување член на Училишен одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1.Се објавува Решение за разрешување член на Училишен одбор на

СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/8** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**03.10.2022 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 88 став 5 од Законот за ссредно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр. 8/10,08/14 02/18 ,03/19 и 08/2021 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување член на Училишен одбор на**

**СОУ Ѓорче Петров - Крива Паланка**

1. За член во Училишен одбор на СОУ Ѓорче Петров “–Крива Паланка, се именува:

- Анка Стоилкова од Крива Паланка

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 3718/9**
**30.09.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за именување член на Училишен одбор на**

**СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка**

1.Се објавува Решение за именување член на Училишен одбор на

СОУ –„Ѓорче Петров“ - Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/10**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/19 и 229/20), член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и измената на правилникот 12-11297/1 од 15.10.2022 година , донесен од страна на министерот за образование и наука, член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14 , 02/18 , 03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.09.2022 година, донесе

**М И С Л Е Њ Е**

**За изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „Јоаким Крчовски “ – Крива Паланка**

Согласно Годишните програми за работа на училиштата за учебната 2022/2023 година, член 42 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РМ бр.161/19 и 229/20) , и член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основното училиште, ООУ “ Јоаким Крчовски ” кое има доставено Оперативна програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од III,VI и IX- то одделение за учебната 2022/2023 година.

Програмата е изготвена врз основа на Годишната програма за работа на училиштето, а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности.

Имајки го во предвид наведеното, Советот на Општина Крива Паланка ја разгледа доставената програма и даде свое ***позитивно мислење*** за изведување на ученички екскурзии со учениците од основното училиште на места, локалитети и објекти кои се дадени во Оперативната програма.

**Бр. 09-3718/11**<br>**30.09.2022 год.**<br>**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Претседател,**<br>**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од**

**ООУ „Јоаким Крчовски “ – Крива Паланка**

1.Се објавува Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „Јоаким Крчовски “ – Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718 / 12**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.161/19 и 229/20), член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и измената на правилникот 12-11297/1 од 15.10.2022 година , донесен од страна на министерот за образование и наука, член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14 , 02/18 , 03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.09.2022 година, донесе

**М И С Л Е Њ Е**

**За изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „Илинден “ – Крива Паланка**

Согласно Годишните програми за работа на училиштата за учебната 2022/2023 година, член 42 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РМ бр.161/19 и 229/20) , и член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основното училиште, ООУ “Илинден ” кое има доставено Оперативна програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од III,VI и IX- то одделение за учебната 2022/2023 година.

Програмата е изготвена врз основа на Годишната програма за работа на училиштето, а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности.

Имајки го во предвид наведеното, Советот на Општина Крива Паланка ја разгледа доставената програма и даде свое ***позитивно мислење*** за изведување на ученички екскурзии со учениците од основното училиште на места, локалитети и објекти кои се дадени во Оперативната програма.

**Бр. 09-3718/13**
**30.09.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од**

**ООУ „Илинден “ – Крива Паланка**

1.Се објавува Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „Илинден “ – Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718 / 14**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на Република Македонија бр.28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13) и член 36 став 1 точка 10, член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Република Македонија бр. 5/2002),член 14, став 1, точка 30 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21 ) ,Одлуката за Усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршен редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2020 год со број 09-291/3 од 08.02.2021 година, Одлуката за Усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршен редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2021 год. со број 09-225/3 од 31.01.2022 Советот на Општина Крива Паланка на 14-тата седница одржана на 30.09.2022 донесе:

## О Д Л У К А

За искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема

### Член 1

Средствата кои се отстапени на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје без надомест да бидат искнижени од деловните книги на Општина Крива Паланка.

### Член 2

Книговодствената вредност на расходуваната опрема

- на конто 02260 - електронска, сметачка и др.опрема има набавна вредност 164.193,00 денари со исправка на вредноста 160.001,00 денари и сегашна вредност 4.192,00 денари, за искнижување ќе се употреби книжење 02926/02260,
- на конто 02270 - канцелариски намештај и др.опрема опремата што се расходува има набавна вредност од 17.048,00 денари со исправка на вредност 13.092,00 денари и сегашна вредност од 3.956,00 денари за искнижување ќе се употреби книжење 02927/02270,
- на конто 02286 – ПП опрема и ПП апарати опремата што се расходува има набавна вредност 3,00 денари со исправка на вредноста 3,00 денар и сегашна вредност 0 денари, за искнижување ќе се употреби книжење 02921/02286
- на конто 02292 – друга останата неспомната опрема опремата што се расходува има набавна вредност 44.454,00 денари со исправка на вредноста 20.004,00 денари и сегашна вредност 24.450,00 денари, за искнижување ќе се употреби книжење 02929/02292.

Опремата што се расходува на конто 02260, 02270 и 02292 има сегашна вредност од 4.192,00 денари, 3.956,00 денари и 24.450,00 денари или вкупно 32.598,00 денари.

Расходуваниот ситен инвентар во вредност од 10.028,00 денари да се искниже од книговодствената евиденција со книжењата 3650/3620.

**Член 3**

Опремата што се отпишува е дадена по спецификација како што следи:

**Спецификација на расходувана опрема**

| Одделение | Конто | Опис | Инв. број | бр. | Набавна | Исправка | Сегашна | Датум на набавка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд.за финансиси прашања | 02260 | Принтер Лексмарк | 00483 | 1 | 6760 | 6760 | | 06.07.2009 |
| Одд. за човечки ресурси | 02260 | Принтер Лексмарк | 00479 | 1 | 6760 | 6760 | | 06.07.2009 |
| Одд. за комунални дејности | 02260 | Фотокопир Е студио | 00558 | 1 | 55823 | 55823 | | 26.11.2010 |
| Одд. за комунални дејности | 02260 | Печатар КСЕРОКС А4 | 00242 | 1 | 13425 | 13425 | | 01.01.2007 |
| Одд. за комунални дејности | 02260 | Скенер КСЕРОКС | 00244 | 1 | 16111 | 16111 | | 01.01.2007 |
| Одд. за инспекциски надзор | 02260 | Звучници | 00209 | 1 | 1318 | 1318 | | 01.01.2007 |
| Одд. за инспекциски надзор | 02260 | Печатар БРОТХЕР | 00200 | 1 | 13175 | 13175 | | 01.01.2007 |
| Одд. за човечки ресурси | 02260 | Компјутер БРИО | 00478 | 1 | 42776 | 42776 | | 06.07.2009 |
| Одд. за инспекциски надзор | 02260 | Телефон ЏИПИ | 00202 | 1 | 2635 | 2635 | | 01.01.2007 |
| ТППЕ | 02260 | Бојлер | 01022 | 1 | 5409 | 1217 | 4192 | 19.09.2017 |
| | | | | | **164193** | **160001** | **4192** | |
| Одд.за финансиси прашања | 02270 | Стол конкорд | 00778 | 1 | 5275 | 3297 | 1978 | 04.09.2014 |
| Одд. за комунални дејности | 02270 | Стол конкорд | 00786 | 1 | 5275 | 3297 | 1978 | 04.09.2014 |
| Одд. за комунални дејности | 02270 | Дигитален апарат | 00654 | 1 | 6498 | 6498 | | 24.11.2011 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **17048** | **13092** | **3956** | |
| ТППЕ | 02286 | ПП апарат С-9 (4) | 00303 | 1 | 1 | 1 | | 01.01.2007 |
| ТППЕ | 02286 | ПП апарат С-6 (2) | 00304 | 1 | 1 | 1 | | 01.01.2007 |
| ТППЕ | 02286 | ПП изолационен апарат-Дрегер (2) | 00311 | 1 | 1 | 1 | | 01.01.2007 |
| | | | | | **3** | **3** | **0** | |
| Општина Крива Паланка | 02292 | шаховски фигури | 00983 | 1 | 44454 | 20004 | 24450 | 27.06.2016 |
| | | | | | **44454** | **20004** | **24450** | |
| | | | | **Вкупно** | **225698** | **193100** | **32598** | |

**Бр. 09-3718/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Дата 30.09.2022** **Председател**

**Крива Паланка**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за исknижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема**

1.Се објавува Одлука за исknижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/16**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.5/2002), одредбите од Законот за Управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 176.21), одредбите од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12......,99/18,89/22 и 171/22), член 14, став 1, точка 30 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21 ), а во врска со Договорот за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Крива Паланка бр.08-2816/1 од 19.07.2022 година и ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје бр.0307-117/1 од 19.07.2022 Советот на Општина Крива Паланка на 14-тата седница одржана на 30.09.2022 година донесе

## О Д Л У К А

### За отстапување на Е-Отпад на општина Крива Паланка

### На ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност со електронскиот и електричниот отпад на општина Крива Паланка кој е расходуван и се наоѓа во просториите на општина Крива Паланка да располага наведената фирма за електронски отпад.

**Член 2**

Согласно одредбите од Договорот за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Крива Паланка и ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје, се задолжува ЕЛКОЛЕКТ да ја преземе расходуваната електронска и електрична опрема.

**Член 3**

Расходуваната електронска опрема се состои од принтери (4), скенер (1), фотокопир(1), звучници(1), компјутер(1), телефон(1), бојлер (1) и дигитален апарат (1).

**Член 4**

Расходуваната опрема на конто 02260 - електронска, сметачка и др.опрема има набавна вредност 164.193,00 денари со исправка на вредноста 160.001,00 денари и сегашна вредност 4.192,00 денари, на конто 02270 - канцелариски намештај и др.опрема опремата што се расходува има набавна вредност од 6.498,00 денари и исправка на вредност 6.498,00 денари.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3718/17**
**Дата 30.09.2022 г.**
**Крива Паланка**

**Совет на општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за отстапување на Е-Отпад на општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**

1.Се објавува Одлука за отстапување на Е-Отпад на општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/18**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 и 9, член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Член 6 став 3, Член 11 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21),Член 2, точка 3 и член 9 од Законот за Заштита на деца („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и Член 14 точка 11 од („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 08/2021),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на--.09.2022 година донесе:

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година**

1. **Во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година во областа Социјална заштита, во делот ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ ВО 1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА се додава –Лица корисници на гарантирана минимална помош**.

**2.Во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година во областа Социјална заштита, во делот 1.Активности од социјална заштита се додава „Вклучување на пазарот на трудот преку извршување на јавни работи од страна на корисници на гарантирана минимална помош“.**

3.Во делот **„ АКЦИОНЕН ПЛАН,ВРЕМЕНСКА РАМКА И БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ„ во табелата 1.Активности во областа на социјалната заштита** се додава точка 11 „**Извршување на јавни работи од страна на корисници на гарантирана минимална помош**“ со предвидена сума од **359.000, 00 МКД** од Буџетот на Општина Крива Паланка со што се менува табелата и гласи :

| **Област1** | **Активности** | **Финанскиски средства-општина** | **Финансиски средства-други донатори** | **Рок на имплементација** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво,елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали и | 300.000,00 МКД | | Во текот на годината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | други потреби за подобрување на условите за живеење. | | | |
| 2 | еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште. | 100.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 3 | живеење со подршка на стари, изнемоштени лица и лица со попреченост во посебни стамбени единици. | 60.000,00 МКД | 600.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 4 | -помош и поддршка за жени и лица жртви на семејно насилство | 300.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 5 | соработка и помош налица со интелектуална попреченост и телесни инвалиди. | 50.000,00 МКД | | Во текот на годината. |
| 6 | помош и поддршка на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост | 30.000,00 МКД | | 3-ти Декември 2022 |
| 7 | обезбедување на семејна подршка преку соодветни сервиси за подршка во домашни услови. | 100.000,00 МКД | 1.000.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 8 | ангажирање на невработени лица преку Програмата на Општинско корисна работа | 300.000,00 МКД | 500.000,00 МКД | Во текот на годината. |
| 9 | донација на хуманитарни пакети на социјално загрозени лица (50 пакети). | 75.000,00МКД | 100.000,00МКД | Во текот на годината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | -подобрување на пристапноста до локалните институции и домовите за живеење на лицата со физички хендикеп преку изградба на пристапни рампи. | 300.000,00 МКД | 600.000,00МКД | Во текот на годината. |
| 11 | -извршување на јавни работи од страна на корисници на гарантирана минимална помош | 359.000,00 мкд | | Октомври-Декември |
| **ВКУПНО** | | **1.974.000,00 МКД** | **2.800.000,00 МКД** | **4.774,000,00 МКД** |

**3. Оваа Програма влегува во сила соденот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.**

**Бр. 09-3718/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2022 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година**

1.Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година** ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/20**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.5/2002), и член 14, став 1, точка 11 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21 ), Советот на Општина Крива Паланка на 14-тата седница одржана на 30.09.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

За усвојување на Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027 .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3718/21**
**Дата 30.09.2022**
**Крива Паланка**

**Совет на општина Крива Паланка**

**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука усвојување на Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027**

1.Се објавува **Одлука усвојување на Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027** ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/22**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка (4) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 52 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,08/14,02/18, 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 30.09.2022 година донесе

# ПРОГРАМА

## За изменување и дополнување на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка

**1.** Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 14/21 и 4/22).

**2.** Во глава **I Изработка на сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќајот на улиците во Општина Крива Паланка – прва фаза**, по точка 7 се додава нова точка 8 која гласи:

„ – Изработка на сообраќаен проект за зонско паркирање на територијата на Општина Крива Паланка“.

**3.** Во глава **III За реализација на оваа Програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

Во точка 1 зборот „400.000,00“ се заменува со зборот „1 050 000,00“.

Во точка 3 зборот „ 2.400.000,оо “ се заменува со зборот „3 050 000,оо “.

**4. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.**

**Бр.09- 3718/23**
**30.09.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/24**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка (1) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 40 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,08/14,02/18, 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 30.09.2022 година донесе

# ПРОГРАМА

## За изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година

**1.** Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 14/21).

**2.** Во глава **II Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување:**

Во делот каде се дадени блоковите 2-Б, 9-А, 14-А, 17, 18-А и 18-Б се додава нов блок 20-А, и зборот „ 54,06 ха“ се заменува со зборот „67,06 ха“.

По алинеа 6 се додава нова алинеа 7 која гласи:

**„- ДУП за урбан блок 20-А**

Границата започнува јужно од ул.„Пролетерска“ во пресек со ул.„Млави“ кај м.в.„Штала“ во населба Грамаѓе продолжува северно по осовина на ул.„Млави“ и доаѓа до Магистрален пат А2 каде продолжува западно по магистарлниот пат А2 каде свртрува јужно по граница на КО Крива Паланка, по граница на „новите градски гробишта“, продолжува југо-источно кон „Ицев дол“, јужно низ долот „Ицев дол“ каде завршува источно кон м.в.„Штала“ во населба Грамаѓе.

Површината на опфатот изнесува 13,00 ха.“

**3.** Во глава **IV Урбанистички проект вон населено место за кои треба да започне изработка и донесување**, во самиот назив зборот „проект“ се заменува со зборот „план“.

Алинеа 1 од глава IV се менува и гласи:

„- Изработка и донесување на урбанистички план за вон населено место за изградба на локална депонија за одлагање на неопасен отпад со намена Е3.1 во Општина Крива Паланка “.

Во алинеа 2, зборот „2,00 ха“ се заменува со зборот „0,8 ха“

**4. Во глава IX Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови:**

Во алинеа 6**,**зборот„120.000,оо“ се заменува со зборот „250.000,оо“.

По алинеа 10 се додава нова алинеа 11 која гласи:

„ -За набавка на хидролошка студија за потребата на урбанистички планови и проекти од точка IX, потребни се средства во износ од 150.000,00 денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Плаанка.“.

Во алинеа 12,зборот„6.540.000,оо“ се заменува со зборот „6.820.000,оо“.

**5.** По глава **VIII Дигитални ажиурирани геодетски подлоги** се додава нова глава **IX** која гласи:

**„IX. Изработка на хидролошка студија**“

„- Набавка на хидролошка студија за потреба на урбанистички планови и проекти.“

**6.** Глава IX **Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови** станува Глава X.

**7**. Буквата „X“ и точката пред зборот „Оваа“ се брише и гласи:

„Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2022 година. Програмата задолжително ќе биде објавена во службеното гласило на општината, во електронска форма на веб страна на општината и во информацискиот систем на еурбанизам.“

**8. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.**

**Бр.09- 3718/25**
**30.09.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година

,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/26**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,08/14,02/18, 03/19 и 08/21), а согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година, Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година и Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2022 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 30.09.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година.

Во член 2 став 1 од Одлуката по точка 5 се додават нови точки 6, 7 и 8 кои гласат:

6. Локалитет во населба Скрљава покрај „Здраствен дом“ и ул.„Климент Охридски“ (м.в.„Болничка ливада“) на дел од КП3973/1 КО Крива Паланка (кон соседна КП4237) каде според постоечкиот ДУП е со намена В2-здраствена и социјална заштита и Д2-заштитно и сообраќајно зеленило и според постоечки ГУП е со намена В2-здраствена и социјална заштита.

7. Локалитет во спортски комплакс на дел од КП302 и на дел од КП294/2 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ЛУПД е со намена Д3-спорт и рекреација и според постоечки ГУП е со намена Д3-спорт и рекреација.

8. Локалитет во населба Домачки дол покрај ул.„11 Март“ на дел од КП4605/1 КО Крива Паланка каде според постоечкиот ДУП е со намена Д-зеленило, рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктура и според постоечки ГУП е со намена А1-домување во куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 3718/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.09.2022 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/28**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 14 став (1) точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18, 03/19 и 08/21), а согласно член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.09.2022 година, донесе:

## ОДЛУКА

За јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка

### Општи одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат јавни паркиралишта и површини од значење за Општина Крива Паланка за јавна употреба за паркирање на возила (во натамошниот текст: јавни паркиралишта) и се уредува начинот на користење и одржување на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето и други прашања од значење за паркирањето.

**Член 2**

Јавните паркиралишта се користат од страна на физички или правни лица (во понатамошниот текст: корисници) за паркирање на патнички моторни возила, автобуси, товарни и приклучни возила. Како корисник на паркиралиштето, во смисла на оваа Одлука, се смета возачот или сопственикот на возилото доколку возачот не е идентификуван.

**Член 3**

Изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка се во надлежност односно се работи од јавен интерес од локално значење за Општина Крива Паланка.

Работите од став 1 на овој член можат да ги вршат субјекти овластени од Општина Крива Паланка (во натамошниот текст: организатори на паркирањето), во согласност со Закон и оваа Одлука.

**Член 4**

Одредбите на оваа Одлука не се однесуваат на површини наменети за паркирање (паркиралиште) во функција на редовна некомерцијална употреба на станбени и деловни објекти и изградени – уредени во рамките на градежна парцела или градба кои се во приватна сопственост, во согласност со урбанистичките планови и документација.

На паркиралиштата од став 1 на овој член, не е дозволено вршење на дејноста паркирање во комерцијални цели.

По исклучок, паркиралиштата на став 1 на овој член, може да се користат и стопанисуваат во комерцијални цели, при што субјектот што ги дава услугите на паркирањето мора да има дозвола од Општина Крива Паланка за вршење на дејноста паркирање.

**Јавни паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка**

**Член 5**

Јавни паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка, во смисла на одредбите на оваа Одлука, се посебно уредени и обележани простори наменети за групно паркирање на определен вид на возила, и тоа:

- во рамки на површини или градби, утврдени за таква намена и дефинирани со урбанистички план;
- на самите сервисни и станбени улици (коловоз, тротоар, заштитен појас) како на улици што гравитираат кон нив или надвор од површините опфатени со тие улици, утврдени и дефинирани со посебни сообраќајни проекти одобрени со Решение од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Јавни паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка, во смисла на одредбите на оваа Одлука, се и посебно уредени и обележани простори на градежно неизградено земјиште, наменети за паркирање, изградени од Општина Крива Паланка врз основа на посебни сообраќајни проекти одобрени со решение од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Организатори на паркирањето**

**Член 6**

Дејноста паркирање на јавните паркиралишта од членот 5 на ова Одлука, вклучувајќи ги изградбата, одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, како и техничките и организациските работи, наплатата и надзорот над паркирањето на возилата и останатите работи на јавните паркиралишта, го врши Јавното претпријатие “Комуналец” – Крива Паланка (во натамошниот текст: ЈП “Комуналец” Крива Паланка), во соработка со Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктира при Општина Крива Паланка.

**Член 7**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка може да одлучи одредени јавни паркиралишта од членот 5 на оваа Одлука и вршењето на дејноста паркирање на површината на истите да ги даде и на други субјекти под концесија или јавно приватно партнерство, во согласност со соодветните прописи.

**Член 8**

Советот на Општина Крива Паланка, по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, врз основа на утврдена потреба и оправданост, може да одлучи за користење на одредени јавни паркиралишта од членот 5 на оваа Одлука за вршењето на дејноста паркирање да даде дозвола на домашно или странско правно лице, врз основа на спроведен јавен оглас.

Постапката за избор на организаторот на паркирањето ја спроведува Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 9**

За вршење дејност паркирање Градоначалникот на Општина Крива Паланка издава дозвола. Дозволата за вршење дејност паркирање се дава за период од 4 (четири) години.

**Член 10**

Дозволата за вршење на дејноста паркирање на паркиралишта од член 4 став (3) на оваа Одлука може да се даде ако барателот ги исполнува следните услови:

- да е впишан во централниот регистар;
- да е сопственик на градежна парцела или објект што согласно урбанистички план се наменети за паркирање или да има договор со сопственикот за обезбедено право на користење на паркиралиштето за периодот најмалку три години, заверен на нотар;
- да обезбеди електронски/автоматски систем за следење (евиденција) на наплатата на паркиралиштето;
- паркиралиштето да го уреди според сообраќаен проект заверен од страна на администрацијата на Општина Крива Паланка, надлежна за работите на сообраќајот (во натамошниот текст: Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктира - Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при Општина Крива Паланка);
- да плати надоместок за давање на дозволата.

**Член 11**

Во случај на користење, одржување и стопанисување со паркиралиште врз основа на дозвола, односите помеѓу Општина Крива Паланка и организаторот на паркирањето се уредуваат со Договор.

Со Договорот од став 1 на овој член се уредува особено предметот, начинот, условите и рокот за отпочнување на вршење на дејноста паркирање, критериумите и параметрите со кои ќе се дефинира соодветното вршење на дејноста, односно обврска за соодветно и квалитетно давање на услугата:

- висината на надоместокот за давање на дозволата, цената на услугата (или клаузула за ограничување, односно дека висината на цената не смее да го надмине износот потребен за покривање на трошоците, плус разумна добивка), системот на наплата, уплатата на комуналната такса, работното време, организацијата на службата за контрола, комуналната опрема, сообраќајната сигнализација, хортикултурното уредување и одржување, осветлување, одржувањето на комуналната хигена, причини за раскинување, времетраење на договорот и др.

Договорот од став 1 на овој член кој не е склучен во писмена форма и заверен на нотар, нема правно дејство.

**Член 12**

Во име на Општина Крива Паланка, Договорот го склучува Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 13**

Дозволата може да се одземе ако:

- организаторот на паркирањето не започне со непосредно вршење на дејноста во рокот утврден во договорот;
- престанала потребата од вршењето на дејноста;
- организаторот на паркирањето престанал да ги исполнува условите за вршење на дејноста.

Дозволата престанува да важи со :

- истекување на рокот на важење на дозволата;
- одземање на дозволата;
- престанување на важењето на договорот;
- со пренамена на парцелата.

**Член 14**

Договорот престанува да важи во случај на:

- истекување на рокот на важење на договорот;
- еднострано раскинување од страна на Општина Крива Паланка;
- престанување на важењето на дозволата;
- виша сила;
- раскинување на договорот.

Договорот еднострано ќе се раскине од страна на Општина Крива Паланка, особено ако организаторот на паркирањето, дејноста ја врши на несоодветен или неквалитетен начин, имајќи ги во предвид правилата, критериумите, параметрите и другите услови со кои е утврдено соодветното вршење на дејнонста и ако е извршена битна повреда на одредбите од Договорот или на прописите кои се применуваат за вршење на дејноста.

**Означување и обележување на јавните паркиралишта**

**Член 15**

Организаторот на паркирањето е должен да ги означи, обележи, уреди и одржува јавните паркиралишта на кои паркирањето се наплатува.

Јавните паркиралишта мораат да бидат означени и обележани со сообраќајна сигнализација во согласност со прописите за безбедност во сообраќајот.

Јавните паркиралишта мораат да имаат ознака за името на паркиралиштето, категоријата на возилото за кои е наменето паркиралиштето, работното време на паркиралиштето, начинот на паркирање, систем на наплатата за паркирање и висина на цената на услугата за паркирање според единица час/паркирање.

**Користење на јавните паркиралишта**

**Член 16**

Јавните паркиралишта мораат да се користат на начин со кој се обезбедува безбедно и економично групно стационирање на повеќе возила од определен вид,така што за секое возило да има паркинг место и независен, безбеден и прегледен сообраќаен пристап.

Користењето на јавните паркиралишта мора да биде во согласност со предвидениот режим утврден со хоризонтална и вертикална сигнализација.

**Член 17**

На јавните паркиралишта, во зависност од потребите и условите за паркирање, условите и фреквенцијата на сообраќајот, паркирањето може временски да биде ограничено.

**Член 18**

Системот на паркирањето, определувањето на зоните, времето на паркирањето, ограничувањето на паркирањето, системот на наплата на паркирањето, резервацијата и повластеното паркирање, го определува Советот на Општината Крива Паланка со своја одлука.

Начинот и условите за паркирање, времетраењето на паркирањето, односно неговото ограничување, како и начинот на означувањето на ограничувањето, ги утврдува организаторот на паркирањето, во согласност со Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 19**

Со паркирање на возилото на јавно паркиралиште, се смета дека возачот односно сопственикот на возилото се согласил и ги прифатил условите за користење на јавното паркиралиште пропишани со оваа Одлука или од страна на организаторот на паркирањето.

**Член 20**

На јавните паркиралишта може да се поставаат рекламни објекти во согласност со сообраќајно-технички елаборат поднесен од организаторот на паркирањето, а по претходно извршено заверка на истиот и добиена согласност за поставување на рекламните објекти од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

За поставување на рекламни објекти во смисла на став 1 на овој член, организаторот на паркирањето и сопственикот на рекламниот објект склучуваат договор. Еден примерок од договорот задожително се доставува до Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктира-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна седина при Општина Крива Паланка.

За поставување на рекламни објекти на јавните паркиралишта, организаторот на паркирањето е должен на Општина Крива Паланка да му плати комунална такса, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси во Општина Крива Паланка.

**Член 21**

Јавните паркиралишта, во исклучителни случаи, со претходно одобрение од Градоначалникот на Општина Крива Паланка, можат привремено да се користат за организирање и одржување на забавни, спортски и други манифестации, за што организаторот на паркирањето и организаторот на манифестацијата склучуваат договор. Еден примерок од договорот задолжително се доставува до Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктира-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при Општина Крива Паланка.

За користење на јавните паркиралишта во смисла на став 1 на овој член, организаторот на паркирањето е должен на Општина Крива Паланка да му плати комунална такса, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналните такси во Општина Крива Паланка.

**Член 22**

Организаторот на паркирањето нема обврска за чување на паркираното возило и не одговара за оштетување или крадење на возилото.

**Наплатата на услугата на паркирање**

**Член 23**

За користење на јавните паркиралишта корисникот е должен да плати соодветен паричен износ на име цена на услуга за паркирање.

Организаторот на паркирањето од членот 6 на оваа Одлука донесува ценовник на услугите за користење на јавните паркиралишта, со претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 24**

За користење на јавните паркиралишта организаторот плаќа комунална такса согласно Одлуката за висина на комуналните такси во Општина Крива Паланка донесена од страна Советот на Општина Крива Паланка.

Средствата по основ на комунална такса, организаторот на паркирањето е должен да ги уплаќа на Општина Крива Паланка наредниот ден по нивната наплата.

**Член 25**

Организаторот на паркирањето го определува системот на наплатата и ги уредува сите други прашања поврзани со наплатата на паркирањето на јавните паркиралишта.

**Член 26**

Ако корисникот на паркиралиштето не го изврши плаќањето (цена на паркирање, доплатен билет, други трошоци) на начин соогласно оваа Одлука, односно актот на организаторот на паркирањето, ќе се смета дека паркирањето не е прописно и овластено лице на организаторот на паркирањето може да побара блокирање на тркалата (лисици, блокатори на тркала) или отстранување на возилото од паркиралиштето (со пајак- возило).

Контрола на паркирањето ја врши овластен работник на организаторот на паркирањето.

Корисникот на паркирањето кој нема да ја плати цената на паркирањето, должен е да плати доплатна карта за паркирање. Налог за наплата на доплатна карта издава овластен работник на организаторот на паркирањето.

**Член 27**

Возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарните единици, Министерство за внатрешни работи на РСМ, при извршувањето на нивните редовни работни активности, не плаќаат за користење на услугите на јавните паркиралишта.

**Повластено паркирање**

**Член 28**

За станарите, односно правните лица, што имаат живеалиште односно деловен простор, во објекти во границите на чии парцели не е решено паркирањето, може да се утврдат повластени услови за паркирање на нивните возила на јавните паркиралишта што се во непосредна близина, во поглед на бројот на возилата, траењето на паркирањето и цената на услугата и да им се издаде повластен паркинг билет.

Правото на користење на повластен паркирен билет го утврдува организаторот на паркирањето.

**Резервирани места**

**Член 29**

Организаторот на паркирањето, во зависност од капацитетот на паркиралиштето, е должен да утврди и соодветно да обележи (резервира) места за паркирање на возила на кои сопственици се лица со инвалидитет.

Организаторот на паркирањето ги утврдува категориите на лицата со инвалидитет кој можаат да користат резервирани паркинг места и условите за паркирање на нивните возила.

**Член 30**

Во зависност од капацитетот на паркиралиштето може да се одобри и утврди резервација на места за паркирање на јавното паркиралиште за одреден број возила на правни и физички лица и дипломатските и други странски претставништва.

Бројот на резервираните места од ставот 1 на овој член и условите за нивно користење ги утврдува организаторот на паркирањето, во согласност со Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктира-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при Општина Крива Паланка.

**Забрани**

**Член 31**

На јавните паркиралишта забрането е:

-паркирање на моторни возила спротивно на сообракајните знаци, на хоринзонтална и вертикална сигнализација (паркирање на резервиран паркинг простор и сл.);

-паркирање на нерегистрирано возило;

-оставање на паркинг просторот на неисправно или хаварисано возило, односно приклучно возило без сопствен погон (приколки и сл.);

-вршење на перење или поправка на возило;

**Отстранување на непрописно паркирани возила од паркинг простори и возила од јавно прометни површини**

**Член 32**

Под отстранување на возила во смисла на оваа Одлука се смета поставување на средства за блокирање на тркалата на возилото како и подигање и отстранување и пренос на возилото со специјално возило (пајак) до посебно уреден паркинг простор наменет за отстранети возила.

На возилото што се отстранува, односно блокира се истакнува налог за отстранување, односно блокирање со кој се упатува сопственикот или корисникот на возилото за начинот, постапката, надоместот и местото каде може да го превземе возилото.

**Член 33**

Отстранување на непрописно паркирани возила од паркинг простори и возила од прометни површини ја врши организаторот на паркирањето или правно лице кое има склучено договор со организаторот на паркирањето.

Налог за отстранување на непрописно паркирано возило од паркинг простор издава овластено лице на организаторот на паркирањето.

Отстранетите возила се чуваат на специјално уреден паркинг простор, со однапред утврден надомест за нивно чување, кој се плаќа на правното лице кое го организира и одржува паркинг просторот.

Сопственик на возилото е должен да плати надомест за отстранување на возилото.

**Надзор**

**Член 34**

Надзорот над примената на одредбите од оваа Одлука и над законското работење на организаторите на паркирањето, врши Комисија формирана од страна на општината за таа цел.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 35**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 07-3594/11 од 10.12.2013 година, објавена во “Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр.13/13.

**Член 36**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 3718/29**
**30.09.2022 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/30**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 29 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ;150/21 и 173/22) , член 36 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на Република Македонија “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 ; 167/16 и 151/21) , одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ , судовите , јавни обвинителства , казнено - поправните и воспитно - поправните установи , државното правобранителство , општините ,Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите , фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („ Службен весник на РСМ “ бр.51/20,172/21 ) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 14 - та седница одржана на 30.09 .2022 година , донесе :

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2022 ГОДИНА

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2022 година , се состои од :

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. Вкупно приходи** | **385.374.784** | **407.120.302** |
| Даночни приходи | 49.871.000 | 49.571.000 |
| Неданочни приходи | 14.580.000 | 15.820.598 |
| Капитални приходи | 39.482.746 | 39.782.746 |
| Приходи од дотации | 200.716.000 | 214.696.000 |
| Приходи од трансвери | 48.259.355 | 50.794.275 |
| Приходи од донации | 32.465.683 | 36.455.683 |
| **II. Вкупно расходи** | **423.567.087** | **445.312.605** |
| Од утврдени намени | 423.267.087 | 445.012.605 |
| Расходи од резерви | 300.000 | 300.000 |
| **III. Дефицит** | **- 38.192.303** | **- 38.192.303** |
| **IV. Финансирање** | **38.192.303** | **38.192.303** |
| **Прилив** | **43.348.303** | **43.348.303** |
| Домашни задолжувања | 0 | 0 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| **Депозит** | **43.348.303** | **43.348.303** |
| **Одлив** | **5.156.000** | **5.156.000** |
| Отплата на главница | 5.156.000 | 5.156.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи , а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр. 09 – 3718/31**
**30. 09 . 2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/32**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 , 3/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1039/2 во**

**КО Конопница, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Конопница на к.п.бр.1039/2 во КО Конопница, Општина Крива Паланка сопственост на Бобан Георгиевски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Конопница.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Конопница за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3718/33**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1039/2 во**

**КО Конопница, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1039/2 во

КО Конопница, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/34**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 , 3/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1257 и к.п.рб.1119 во**

**КО Конопница, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Конопница на к.п.бр.1257 и к.п.1119 во КО Конопница, Општина Крива Паланка сопственост на Ѓорѓи Ангеловски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Конопница.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Конопница за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3718/35**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1257 и к.п.рб.1119 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1257 и к.п.рб.1119 во КО Конопница, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на

14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718 / 36**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 и,3/19 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/2 и к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во нас. Кошари на к.п.бр.2626/2 во КО Крива Паланка во сопственост на Нацка Митовска и Стојан Митовски и к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка во сопственост на Весна Стојановска и Боре Стојановски .

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот Генерален урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3718/37**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/2 и к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/2 и к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718 / 38**
**01.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 , 3/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1032/2 во**

**КО Конопница, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Конопница на к.п.бр.1032/2 во КО Конопница, Општина Крива Паланка сопственост на Сашо Станковски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Конопница.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Конопница за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3718/39**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1032/2 во**

**КО Конопница, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1032/2 во

КО Конопница, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/40**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 3/2019 и 8/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3329/2 и дел од к.п.бр.3331 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Конопница на к.п.бр.3329/2 во сопственост на Добре Трајановски и дел од к.п.бр.3331 во сопственост на Милорад Богдановски во КО Конопница, Општина Крива Паланка.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Конопница.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Конопница за овој локалитет ќе се предвиди намена А4-времено сместување.

**Член 5**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3329/1 и дел од к.п.бр.3331 во КО Конопница, Општина Крива Паланка бр.09-3267/49 од 31.08.2022 година објавена во Службен гласник на општина Крива Паланка бр.9 од 01.09.2022 година.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-3718/41**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловскас.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3329/2 и дел од к.п.бр.3331 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3329/2 и дел од к.п.бр.3331 во КО Конопница, Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718 / 42**
**01.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/14, 2/18 ,3/2019 и 08/21), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените за к.п.бр.738/1 во**

**КО Лозаново , Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа на к.п.бр.738/1 во КО Лозаново, Општина Крива Паланка сопственост на РСМ-патишта.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Лозаново.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Лозаново за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-3718/43**
**30.09.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.738/1 во**

**КО Лозаново , Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.738/1 во

КО Лозаново , Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 14-та седница, одржана на ден 30.09.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3718/44**
**03.10.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Ред.бр** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Ѓорче Перов “ –Крива Паланка за учебната 2021/2022 година.........................................................................1
2. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „ Ѓорче Перов “ –Крива Паланка за учебната 2021/2022 година........................................2
3. Одлука за усвојување на Програма за работа на СОУ„Ѓорче Петров “ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година...........................................................................3
4. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на СОУ„Ѓорче Петров “ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година.............................................4
5. Решение за разрешување на член на Училишен одбор на СОУ„ Ѓорче Петров “ - Крива Паланка......................................................................................................................5
6. Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Училишен одбор на СОУ„ Ѓорче Петров “ - Крива Паланка..................................................................6
7. Решение за именување член на Училишен одбор на СОУ„Ѓорче Петров “ - Крива Паланка.......................................................................................................................7
8. Заклучок за објавување на Решение за именување член на Училишен одбор на СОУ„Ѓорче Петров “ - Крива Паланка.................................................................. 8
9. Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „ Јоаким Крчовски “ – Крива Паланка за учебната 2022/23 година..............................................................................................9
10. Заклучок за објавување на Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „ Јоаким Крчовски “ – Крива Паланка за учебната 2022/23 година.................................................10
11. Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „ Илинден “ – Крива Паланка за учебната 2022/23 година ..........................................................................................................11
12. Заклучок за објавување на Мислење за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од III ,VI и IX-то – одделение од ООУ „ Илинден “ – Крива Паланка за учебната 2022/23 година...................................................................12
13. Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема...........................................................................................13
14. Заклучок за објавување на Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема..................................................................16
15. Одлука за отстапување на Е-Отпад на општина Крива ПаланкаНа ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје...........................................................................................................................17
16. Заклучок за објавување на Одлука за отстапување на Е-Отпад на општина Крива ПаланкаНа ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје.........................................................................19
17. Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година.........................................................................20

18. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2022 година.................................................23
19. Одлука за усвојување на Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027.......................................................................24
20. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022 – 2027.......................................25
21. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка .................................26
22. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка..................................................................................................................28
23. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година........................................................29
24. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2022 година.............31
25. Програма за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година.............................................................32
26. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Одлуката за времено уредување на јавни површини бр. 09-1975/23 од 23.05.2022 година...................34
27. Одлука за јавните паркиралишта од значење на Општина Крива Паланка ......................35
28. Заклучок за објавување на Одлука за јавните паркиралишта од значење на Општина Крива Паланка..................................................................................................................44
29. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година.............................................................................................................................45
30. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година.......................................................................47
31. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1039/2 во КО Конопница, Општина Крива Паланка.................................................................................................................48
32. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1039/2 во КО Конопница, Општина Крива Паланка........................................................................50
33. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1257 и к.п.рб.1119 во КО Конопница, Општина Крива Паланка...............................................................................................51
34. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1257 и к.п.рб.1119 во КО Конопница, Општина Крива Паланка..................................................................52
35. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/2 и к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка.......................................................................53
36. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/2 и к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка..........................................54

37. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1032/2 во КО Конопница, Општина Крива Паланка.......................................................................................................................55
38. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1032/2 во КО Конопница, Општина Крива Паланка.........................................................................56
39. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3329/2 и дел од к.п.бр.3331 во КО Конопница, Општина Крива Паланка.......................................................................57
40. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3329/2 и дел од к.п.бр.3331 во КО Конопница, Општина Крива Паланка....................................................58
41. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.738/1 во КО Лозаново , Општина Крива Паланка.......................................................................................................................59
42. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.738/1 во КО Лозаново , Општина Крива Паланка.........................................................................60
43. Јавна објава ...............................................................................................................61
44. Јавна објава................................................................................................................62

ЈАВНА ОБЈАВА

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за Одобрение за градење на фотоволтаична централа на терен со моќност од 999,90 kW со намена Г и Е113, с.Конопница во општина Крива Паланка, кп.бр.2891/1, КО Конопница, м.в.Абазовица, заведено под бр.уп.29-441/1 од 07.06.2022 г., поднесено од страна на МАЈ-КОМЕРЦ-ЛЕАР, ул.Партизански одреди бр.109, локал 4 Скопје.

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за за градење на фотоволтаична централа на терен со моќност од 999,90 kW со намена Г и Е1.13, с.Конопница во општина Крива Паланка, кп.бр.2891/1, КО Конопница, м.в.Абазовица, Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено под бр.уп.29-441 од 29.07.2022 год., согласно член 59-ѕ од Законот за градење.

Се повикува лицето Стојан Стојановски со адреса с.Конопница во Крива Паланка како непосреден сосед, се известува за донесеното Одобрение за надградба и се задолжува во рок од 15 дена од објавата да дојде во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да изврши увид во предметот.

Доколку не се јави или не назначи полномошник, ке сметаме дека е извршено уредна достава и евентуалните последици ке ги сносите сами.

<u>Општина Крива Паланка</u>

Одделение за урбанизам,сообраќај и

заштита на животна средина

ЈАВНА ОБЈАВА

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за Одобрение за надградба на индивидуална станбена куќа со намена А1, со катност По+Пр.+1+Пк на адреса ул.Херој Карпош бр.138 во Крива Паланка, кп.бр.3167, КО Крива Паланка, м.в.Херој Карпош, заведено под бр.уп.29-209/1 од 15.03.2022 г., поднесено од страна на Оливер Алексовски, ул.Херој Карпош бр.138 Крива Паланка.

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за надградба на индивидуална станбена куќа со намена А1 со катност По+Пр.+1+Пк на ул.Херој Карпош бр.138 во Крива Паланка на кп.бр.3167, м.в.Херој Карпош, КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено под бр.уп.29-209 од 18.05.2022 год., согласно член 59-ѕ од Законот за градење.

Се повикува лицето Стојанка Стоицовска со адреса на ул.Херој Карпош бр.140 во Крива Паланка и лицето Веселин Стоицовски, ул.Херој Карпош бр.140, Крива Паланка како непосредни соседи, се известува за донесеното Одобрение за надградба и се задолжува во рок од 15 дена од објавата да дојде во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да изврши увид во предметот.

Доколку не се јави или не назначи полномошник, ке сметаме дека е извршено уредна достава и евентуалните последици ке ги сносите сами.

<u>Општина Крива Паланка</u>

Одделение за урбанизам,сообраќај и

заштита на животна средина